РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL - MUZEU ARKEOLOGJIK
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - SHKUP
Бр.-Nr. 04-712/2
17. 06 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје**
Кеј Димитар Влахов бб – Скопје
тел. ++389 2 3233999
e-mail: contact@amm.org.mk

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работни односи (Сл. весник на РМ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10,124/10,47/11,11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/2019 и бр.74/25), членот 77-а, став 1, 2 и 5, член 77-в, став 1, член 77-г, член 77-д и член 77-ѓ од Законот за култура (Сл. весник на РМ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/7, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18, членот 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20) и согласно Правилникот за систематизација на работните места во Национална установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија - Скопје бр.01-509/1 од 20.08.2020 година, како и Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје бр.01-49/1 од 21.01.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје бр.01-163/1 од 16.02.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје бр. 01-424/1 од 28.05.2021 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје бр. 01-618/1 од 18.08.2021 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје бр. 01-811/1 од 30.11.2021 година, Правилникот за систематизација на работни места во НУ Археолошки музеј на Република Северна МакедонијаСкопје бр. 03-498/3 од 27.06.2022 година и Правилникот за систематизација на работни места во НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје бр. 01-775/1 од 02.11.2022 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје бр. 01-566/1 од 01.08.2023 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје бр. 01-1067/1 од 20.12.2024 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија Македонија-Скопје бр.01-559/1 од 05.06.2025 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија Македонија-Скопје бр.01-179/1 од 12.02.2026 година и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија Македонија-Скопје бр.01-636/1 од 20.05.2026 година, Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на Пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор (Сл. весник на РМ бр. 34/15), Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, начинот на спроведување на интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен јавниот оглас во Националната установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија - Скопје бр. 02-771/3

од 19.08.2024 година и Известувањата за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии на РСМ бр. бр.19-4803/2 од 16.06.2026 година, Национална установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија - Скопје, објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС бр. 04/2026

Националната установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија - Скопје, има потреба од вработување на 3 (три) лица, даватели на услуги на неопределено работно време, на следните позиции и тоа:

1.Работно место со назив на работно место кустос за античка археологија, со звање на работно место кустос со шифра КУЛ 03 04 Д03 002 - 1 (еден) извршител.

2.Работно место со назив на работно место кустос за средновековен и османлиски период, со звање на работно место кустос со шифра КУЛ 03 04 Д03 002 - 1 (еден) извршител.

3.Работно место со назив на работно место конзерватор, со звање на работно место конзерватор со шифра КУЛ 03 04 Д03 003 - 1 (еден) извршител.

Заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат следните:

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место и/
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност

**Посебни услови:**

- за работно место кустос за античка археологија и кустос за средновековен и османлиски период стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на археологија или историја на уметност со археологија,

-до една година работно искуство во струката;

- за работно место конзерватор стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на археологија или историја на уметност со археологија или ликовна уметност или хемиска технологија

-до една година работно искуство во струката

**Други посебни услови:**

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

Кандидатите, заедно со пријавата, треба да ги достават потребните документи (во оригинал или копија заверена на нотар) за исполнување на општите и посебните услови

- Уверение за државјанство;
- Доказ за општа здравствена способност за работното место
- Лекарско уверение (не постаро од шест месеци);
- Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постаро од шест месеци);
- Доказ - Диплома/Уверение за завршено соодветно образование

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање (општи и посебни) .

**Распоред на работно време:**

Работни денови: од понеделник до петок

Работни часови неделно: 40 часови

Работно време: од 08:00 до 16:00 часот

**Паричен нето износ на плата:**

**Паричниот месечен нето износ на платата** за кустос за античка археологија и кустос за средновековен и османлиски период изнесува 54.611 денари

**Паричниот месечен нето износ на платата** за конзерватор изнесува 54.611 денари

**Рок за доставување на пријави:**

Рокот за доставување на пријавите за вработување со потребните документи изнесува 15 (петнаесет) дена сметано од денот на неговото објавување во дневниот печат и на WEB страната на установата www.amm.org.mk. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето

Пријавата за огласот може да се подигне од архивата на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија - Скопје, со седиште на Кеј „Димитар Влахов“ бб, 1000 Скопје, секој работен ден од 08:00 часот до 15:00 часот или да се преземе од интернет страната www.amm.org.mk.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.

**Начин на поднесување на пријавите:**

Пријавата и комплетните документи кандидатите можат да ги достават по пошта во затворен плик со назнака „За јавен оглас за вработување бр. 04/2026 за работно место кустос за античка археологија, кустос за средновековен и османлиски период или за работно место конзерватор“ на адреса: Национална установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје Кеј „Димитар Влахов“ бб, 1000 Скопје, Р.С. Македонија или во архивата на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје, секој работен ден од 08:00 часот до 15:00 часот, заклучно со последниот ден.

Ненавремените и некомплетни Пријави и документи нема да се разгледуваат.

**Информација за спроведување на постапката:**

Административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас, како и спроведување на интервју на кое преку прашања ќе се проверуваат компетенциите потребни за категоријата и нивото на кое припаѓа работното место, ќе ги врши надлежна Комисија формирана за спроведување на постапка за вработување. Пријавените кандидати ќе бидат навремено известени за времето и местото на одржување на интервјуто

Национална установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија – Скопје